
МАКЕДОНЦИ
ЗА ИМЕТО
ДА ГО

Изложбата *Простор за протест* е базирана врз истоимениот истражувачки, интердисциплинарен и партиципативен проект во кој главните учесници беа "жртвите на транзицијата". Всушност, тоа се стечајните работници кои беа прогласени за технолошки вишок и беа отпуштени од работа без надомест или каква било алтернативна работа. Основната тема со која се занимавав во рамките на овој долгорочен проект (2007-2012) и изложба е феноменот на протест во јавен простор, поконкретно протестите на стечајните работници кои сакаат да го остварат своето право на работа по нивното прогласување за непотребна работна сила. Во мојот проект *Простор* за *протест* отворам различни прашања и многу поврзани проблеми како што се:

-правото на работа и протестите како начин на остварување на тоа право,
-животот, динамиката и моќта на групите што протестираат,
-создавањето сопствен простор и постигнувањето поголема видливост,
-секојдневието и парадоксите на животот во кампот на демонстрантите,
-освојувањето на медиумски простор како важно средство за остварувањето на правото на протест,
-функцијата на уметноста и културата во време на глобалната економска криза, валоризацијата на естетските критериуми и вкусови, како и воопшто потребата за уметност, особено во време на предимензионирани политички проекти врзани за јавни простори.





Околу 30000 стечајни работници се производ на транзицијата, период во кој се наоѓаме во изминатите дваесетина години. Дел од нив, околу 3000 организирани во здружението на работници со над 25 години работен стаж и нерегулиран статус, поткнати пред сè од сиромаштијата, повеќе од една година протестираа во камп поставен од нив самите во јавниот простор на паркот „Жена-борец" (4 март 2007 – 15 јули 2008). Просторот за протест во овој специфичен случај се изедначи со просторот за живот. Општественото и јавното истовремено станаа и нивно приватно. Стечајните работници од една страна станаа видливи за јавноста со нивните барања и борбата за правото на работа и егзистенција, но од друга страна и нивниот приватен живот, нивните секојдневни активности како: готвење, бричење, перење алишта, а и сиромаштијата исто така излегоа на увид на јавноста и така станаа дел од мојот видеоархив.
Поголемиот дел од стечајните работници сè уште блокирајќи патишта и окупирајќи јавни објекти, протестираат за своите права. Во мојата изложба јас се обидувам да им отстапам уште еден можен простор за протест – слободниот простор на уметноста.
Уметничкиот проектот *Простор за протест* на Сашо Станојковиќ ќе биде претставен како инсталација со шест видеопроекции и една звучна инсталација.

The exhibition *Space for Protest* is based on the eponymous research, interdisciplinary and participatory project, where the main participants were the “victims of transition”. These victims are, in fact, the redundant workers who were made redundant and laid off without any compensation or alternative employment. The main theme I dealt with during this long-term project (2007-2012) and exhibition is the phenomenon of public space protest, more precisely the protests of the redundant workers who seek to realize their right to work after being made redundant.
In my project *Space for protest* I touch upon various questions and related issues such as:

-the right to work and protest as a means to this end,
-the life, dynamics and power of the protesting groups,
-the creation of a personal space and achieving greater visibility,
-the daily routine and life paradoxes in the protestors’ camps,
-the attraction of media coverage as an important means to the realization of the right to protest,
-the role of art and culture in a time of global economic crisis, the valorization of aesthetic tastes and criteria, as well as the general need for art, especially in a time of pre-dimensioned political project related to public spaces. Approximately 30000 redundant workers are a result of the transition, a period we have been in during the past twenty years.




A part of them, about 3000, organized in the association of workers with over 25 years of service and unregulated status, driven, above all, by poverty, protested for longer than a year at a camp set up by themselves in the public space of park Žena Borec - Woman Fighter (4 March 2007 – 15 July 2008). The protesting area in this particular case became one with the living area. The social and the public became their private as well. The redundant workers became, on the one hand, visible to the public with their demands and the fight for the right to work and subsistence, but, on the other hand, their private life, their daily activities such as: cooking, shaving, doing the laundry, as well as the poverty, also came to light and visible to the public and became a part of my video archive. Most of the redundant workers are still protesting for their rights, blocking the roads and occupying public buildings. My exhibition strives to provide them with yet another possible space for protest – the free space of art.
The art project *Space for Protest* by Sašo Stanojkovik will be displayed as an installation with six video projections and one sound installation.

Sašo Stanojkoviќ was born in 1962, in Skopje, Macedonia where he lives and works as an independent artist. He graduated from the Faculty of Fine Art in Skopje in 1985. From 1986 he is a member of DLUM – The Association of Macedonian Artists and from 2004 he is a member of the artist’s collective London Biennale Artists. His solo exhibition Film Marathon (2003, Museum of Contemporary Art, Skopje) was a video and participatory project that dealt with the lack of film audience in Skopje cinemas due to the recent proliferation of pirated DVD’s in Macedonia. His performance To Whom It May Concern was realised as a part of David Medalla’s exhibition in the Institute of Contemporary Art – London in 2005. His project Justice in the Focus (2007, Mala Stanica – National Gallery, Skopje) consisted of two video installations and one workshop dealing with the difference between justice, law and other judicial institutions. Stanojkoviќ presented his paintings, installations, video and performances in local and international exhibitions in Skopje, Istanbul, Belgrade, Stockholm, Castellon, Salamanca, Madrid, London, Berlin, Miami, Boston, Ljubljana, Zagreb, Vienna, etc.

НУ Национална галерија на Македонија – Мала станица
Ве поканува на отворањето на изложбата

# Простор за протест

На Сашо Станојковиќ

**Мала станица, среда 24 октомври, 19 ч**.

Во рамките на отворањето на изложбата, со почеток во 19.30 ч. ќе се одржи јавна дебата на тема:
***Протестирам, значи постојам.***

Модератор на дебатата:
**Жарко Трајаноски**, експерт за човекови права
учествуваат:
**Здравко Савески**, Универзитет ФОН
**Суад Мисини**, Истражувачки центар за граѓанско општество
**Тоше Зафиров**, Прогрес - Институт за социјална демократија
**Ирена Цветковиќ**, Коалиција за сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници
**Лилјана Георгиевска**, Здружение на стечајни работници УНИТ
**Александар Гочев**, Граѓанска иницијатива АМАН

Издавач: НУ Национална галерија на Македонија
За издавачот: Халиде Палоши, директор
Организација на изложбата: Маја Крстевска
Текст: Сашо Станојковик
Превод на англиски: Бехар Далипи
Лектура: Кирил Ангелов

NI National Gallery of Macedonia-Mala Stanica
Invites you to the opening of the exhibition

# Space for Protest

By Sašo Stanojkoviќ

**Mala stanica, Wednesday, 24 October, 7 pm**

At the opening there will be a public debate,
starting at 7.30 pm
***I Protest, Therefore I Am*.**

Moderator of the debate:
**Žarko Trajanoski**, an expert for human rights
Participants:
**Zdravko Saveski**, FON University
**Suad Missini**, Research Centre for Civil Society
**Toše Zafirov**, Progress - Institute for Social Democracy
**Irena Cvetkovic**, 'Sexual and Health Rights of Marginalized Communities'
**Liljana Georgievska**, Union of Laid-off Workers 'UNIT'
**Aleksandar Gocev**, Citizens' Initiative AMAN

НУ НАЦИОНАЛНА ГАЛЕРИЈА НА МАКЕДОНИЈА
NI NATIONAL GALLERY OF MACEDONIA

МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
MINISTRY OF CULTURE OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA